**До:**

**Совет на Влада за соработка со и развој на граѓанскиот сектор**

**Предмет:** Барање за отворање дискусија на седница на Советот поврзана со унапредување на учеството на граѓанските организации во процесот на подготовка на Законот за здравствена заштита

24 јуни 2019 г.

Почитувани членови на Советот на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,

Ви се обраќаме по повод подготовката на Законот за здравствена заштита во име на 20 граѓански организации кои дадоа свој придонес во овој процес.

Сакаме да Ве информираме дека од почетокот на процесот во јули 2017 година, повеќе граѓански организации активно се вклучија преку поднесување на предлози за измени и дополнувања на Законот. Од јули 2017 година до декември 2018 година од страна на долупотпишаните граѓански организации беа доставени вкупно 55 предлози за измени и дополнувања на одредени членови или ставови од Законот во насока на унапредување на степенот на здравствена заштита за населението, со посебен фокус на ранливите групи од населението (вклучувајќи ги Ромите, лицата со ретки болести, ЛГБТИ лицата, младите, луѓето кои живеат со ХИВ, лицата кои користат дроги и останати групи)[1]. Предлозите беа елаборирани со аргументи и податоци засновани врз искуството и работата на овие организации и реалните потреби на граѓаните. По разгледување на последната работна верзија на Законот за здравствена заштита кој ни беше доставен од страна на Министерството за здравство во месец април 2019 година, со жалење можеме да констатираме дека мал број на предлози се целосно или делумно прифатени, без писмено објаснување зошто одредени предлози се, односно не се прифатливи. Ова особено затоа што и давањето на предлози од наша страна се одвиваше на принципот на поднесување на писмени поднесоци. Од вкупно поднесените предлози, целосно се прифатени само 6, а 3 се делумно прифатени.

Исто така, сакаме да укажеме и на одредени принципи на работење кои сметаме дека треба да се воведат и почитуваат во натамошниот процес на подготовка на законот. Имено, на досега одржаните средби не се водеа записници за дискусиите водени во рамки на работната група, и уште повеќе за конструктивните заеднички заклучоци на ниво на работна група кои можеа да послужат за дополнително унапредување на Законот за здравствена заштита.

---

[1] Клучните области на кои се однесуваат предлозите се дадени подолу во Анекс 1 на ова писмо. Во прилог Ви ги доставуваме сите предлози од граѓанските организации со соодветно образложение на истите.

Оттаму, во насока на целисходно натамошно учество на граѓанските организации во процесот на подготовка на Законот за здравствена заштита, како и во насока на подготовка на издржано законско решение како претставници на граѓански организации до Министерството за здравство ги доставивме следните барања:

- писмено образложение за неприфаќањето на досега поднесените предлози од страна на граѓанските организации

- водење на записник за секоја наредна закажана средба, како и негово доставување до членовите на работната група по одржување на истата

- повторно разгледување на сите доставени предлози од граѓанскиот сектор на заедничка средба, на која ќе отвориме аргументирана дискусија по однос на предлозите.

Воедно, бараме Советот на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на седница на Советот да ја стави на дневен ред точката поврзана со подготовката на новиот предлог Закон за здравствена заштита на која подетално ќе ги образложиме нашите барања и видувања за начинот за подобрување на консултативниот процес на изработка на законот во иднина.

Со почит,

Борјан Павловски, координатор на Програма за јавно здравје и здравје на жените при Здружение ЕСЕ (лице за контакт во име на групата на граѓански организации)

**Граѓански организации кои го подржуваат барањето:**

- Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ
- ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување
- ХОПС – Опции за здрав живот Скопје
- Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ - ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, Скопје
- Зона Кавадарци
- Избор, Струмица
- ЕГАЛ – еднаквост за геј и лезбејки, Скопје
- ПУЛС Куманово
- Црвен крст
- Доверба, Скопје
- Опција Охрид
- Центар за развој и унапредување на јавниот живот, Тетово
- ХЕЛП Гостивар
- ВИА ВИТА, Битола
- Здружение СТАР–СТАР, Скопје
- Младински клуб, Штип
- Национална Алијанса за ретки болести на Македонија – НАРБМ

- Здружение на пациенти со хередитаренангиоедем – ХАЕ Македонија
- Вилсон Македонија – Здружение за поддршка на лица со Вилсонова болест
- Коалиција МАРГИНИ

**АНЕКС 1**

**КЛУЧНИ ОБЛАСТИ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ ПРЕДЛОЗИТЕ ОД ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ**

- Зајакнување на заштитата од дискриминација;
- Соодветно законско регулирање на ретките болести;
- Препознавање на услугите на здруженијата како дел од здравствените услуги;
- Зајакнување на превентивната здравствена заштита, особено за заболувањата кои најчесто го засегаат здравјето на населението;
- Унапредување на пристапот до услуги за сексуално и репродуктивно здравје;
- Унапредување на пристапот до здравствени услуги преку електронскиот систем „Мој Термин“ или „Мој доктор“.
- Намалување на возрасната граница за пристап до услугите за превенција од ХИВ
- Унапредување на начинот на буџетското работење на Министерството за здравство и јавните здравствени установи;
- Унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните здравствени установи;
- Вклучување на граѓаните и граѓанските организации во процесот на мониторинг и евалуација на здравствените политики и услуги;
- Унапредување на холистичкиот пристап кон здравјето, преку препознавање и адресирање на социјалните детерминанти на здравјето.